**20141384310**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014 и 97/2014) Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 18 јули 2014 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 54/2012, 138/2012, 164/2012, 57/2013, 64/2013, 88/2013, 119/2013, 145/2013, 172/2013 и 34/2014), во членот 78 се брише зборот „најблиската“, а на крајот на реченицата се додаваат зборовите „односно специјалист/субспецијалист“.

Член 2

Членот 79 се менува и гласи:

„Осигуреното лице може да оствари право на специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување на начин и постапка пропишана во Правилникот за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување.“

Член 3

Членот 80 се брише.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од Министерот за здравство, а ќе се применува од 1.10.2014 година.

Бр. 02-12384/9
24 јули 2014 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.